**С О В Е Т  Н А  О П Ш Т И Н А  Г А З И  Б А Б А - С К О П Ј Е**

# З А П И С Н И К

**Од ПЕДЕСЕТ И ТРЕТАТА седница
на Советот на Општина Гази Баба,
одржана на 28.1.2025 година**

**СКОПЈЕ, ЈАНУАРИ 2025 ГОДИНА**

**З А П И С Н И К**

**Од Педесет и третата седница**
**на Советот на Општина Гази Баба,**
**одржана на 28.1.2025 година**

Седницата започна во 11:10 часот.

Седницата ја отвори и со неа раководеше Претседателот на Советот на Општина Гази Баба, **м-р Сашо Кукески**.

На седницата присуствуваа мнозинство членови на Советот, со што истиот можеше да расправа и полноправно да одлучува.

Освен членовите на Советот на седницата присуствуваа: Градоначалникот на Општина Гази Баба, претставници од општинската администрација и подносителот на материјалот предмет на расправа и одлучување пред советот.

Пополнетиот евидентен лист е доказ за присуството на член на Советот на седницата во тековниот месец.

**********

По Нацрт - Записникот од **Педесет и втората** седница на Советот на Општина Гази Баба:

Советот го усвои Записникот од **Педесет и втората** седница на Советот на Општина Гази Баба, без забелешки со **24 гласа "ЗА"**.

**ПО ПРЕДЛОЖЕНИОТ ДНЕВЕН РЕД:**

Претседател на Совет - **м-р Сашо Кукески**:

За работата на седницата на Советот го предложи дневниот ред кој е доставен со решението за свикување на седницата, **со следниот предлог за дополнување** на предложениот дневен ред:

Согласно извештајот на комисијата за урбанизам, комунални работи, сообраќај и заштита на животната средина, бр.09-354/2 од 27.1.2025 година се предложи дополнување на предложениот дневен ред со следната точка:

**15.** Предлог - Одлука за донесување на Техничка исправка во ДУП за градска четврт СИ 12, Блок 02 - Општина Гази Баба, Општина Аеродром - Скопје (Одлука бр.09-2312/7 од 30.04.2024 година) за ГП 2.1.

Предлогот за дополнување на предложениот дневен ред со **точка "15"** беше усвоен со **25 гласа "ЗА"**.

Претседателот на Советот констатираше дека точката "15" е составен дел на предложениот дневен ред.

Член на совет - **Сашо Начовски** (ВМРО-НП дел од коалиција предводена од СДСМ), предложи дополнување на предложениот дневен ред со следната точка:

**Информација за рестартирање на правниот субјект "Скопски Легури" ДООЕЛ - Скопје** во кругот на поранешната фабрика Железарница.

Во расправата покрај подносителот на предлогот, учествуваше и Градоначалникот на Општина Гази Баба, кој ја **задолжи стручната служба** преку надлежниот сектор за заштита на животната средина и природата, да се обрати до надлежното министерство, **да изготви информација, да ја достави до советот и истата да биде предмет на расправа за следната седница на советот**.

За работата на седницата со **26 гласа "ЗА"** беше усвоен следниот:

**Д Н Е В Е Н Р Е Д**

1. Предлог - Одлука за давање согласност на Одлуката за усвојување на Одлуката за утврдување на вредноста на бодот за платите на вработените во ЈКП "Гази Баба - 2007" - Скопје кои имаат статус на даватели на услуги, помошно - технички персонал и административни службеници за 2025 година;
2. Предлог - Одлука за давање согласност на Одлуката за усвојување на тримесечниот финансиски извештај за работа и резултатите од работењето на ЈКП "Гази Баба - 2007" - Скопје, за четвртото тримесечје од 2024 година;
3. Предлог - Одлука за утврдување на вредност на бодот за пресметување на платите на јавните службеници кои вршат административни работи, давателите на јавни услуги, помошно-техничкиот персонал и директорите во јавните установи за деца - детски градинки во Општина Гази Баба, за 2025 година;
4. Предлог - Одлука за изменување на Одлуката за именување на претставници од советот на родители во управниот одбор на ЈУДГ "Детска радост" - Општина Гази Баба - Скопје;
5. Предлог - Одлука за утврдување на вредност на бодот за пресметување на платите на државните службеници за 2025 година;
6. Предлог - Буџетски календар за изготвување на Буџетот на Општина Гази Баба за 2026 година;
7. Предлог - Одлука за користење на финансиски средства од Буџетот на Општина Гази Баба за субвенционирање на граѓаните на Општина Гази Баба, за набавка и вградување на сончеви термални колектори;
8. Предлог - Одлука за изменување на Правилникот за користење на финасиските средства од Буџетот на Општина Гази Баба за субвенционирање на граѓаните на Општина Гази Баба за купување на велосипеди;
9. Предлог - Одлука за изменување на Правилникот за користење на финансиски средства од Буџетот на Општина Гази Баба за субвенционирање на граѓаните на подрачјето на Општина Гази Баба, за вградување на уреди за течен гас/метан или друг вид на алтернативно гориво во возилата;
10. Предлог - Одлука за изменување на Правилникот за субвенционирање на домаќинствата на граѓаните на Општина Гази Баба, за надоместување на дел од трошоците за чистење на оџаци;
11. Предлог - Одлука за изменување на Правилникот за користење на финансиски средства од Буџетот на Општина Гази Баба за субвенционирање на граѓаните на Општина Гази Баба за купување на високоефикасни инвертер клима уреди;
12. Предлог - Одлука за изменување на Правилникот за користење на финансиски средства од Буџетот на Општина Гази Баба за субвенционирање на граѓаните на Општина Гази Баба за купување на печки на пелети;
13. Предлог - Одлука за финансиска поддршка за реконструкција на кров во станбените згради и куќи на индивидуални домаќинства во социјален ризик на подрачјето на Општина Гази Баба;

14. Предлог - Програма за изменување и дополнување на Програмата за работа во областа на располагањето со градежно земјиште во сопственост на Република Македонија, на подрачјето на Општина Гази Баба за 2025 година; и
15. Предлог - Одлука за донесување на Техничка исправка во ДУП за градска четврт СИ 12, Блок 02 - Општина Гази Баба, Општина Аеродром - Скопје (Одлука бр.09-2312/7 од 30.04.2024 година) за ГП 2.1.

Пред преминување на расправа и одлучување по точките од утврдениот дневен ред, беа соопштени ставовите на комисиите на советот.

**ПРВА ТОЧКА: Предлог - Одлука за давање согласност на Одлуката за усвојување на Одлуката за утврдување на вредноста на бодот за платите на вработените во ЈКП "Гази Баба - 2007" - Скопје кои имаат статус на даватели на услуги, помошно - технички персонал и административни службеници за 2025 година.**

Претседателот на советот отвори претрес по точката, никој не се јави за збор, го заклучи претресот по точката и истата ја стави на гласање.

Советот ја донесе Одлуката за давање согласност на Одлуката за усвојување на Одлуката за утврдување на вредноста на бодот за платите на вработените во ЈКП "Гази Баба - 2007" - Скопје кои имаат статус на даватели на услуги, помошно - технички персонал и административни службеници за 2025 година, со **27 гласа "ЗА"**.

**ВТОРА ТОЧКА: Предлог - Одлука за давање согласност на Одлуката за усвојување на тримесечниот финансиски извештај за работа и резултатите од работењето на ЈКП "Гази Баба - 2007" - Скопје, за четвртото тримесечје од 2024 година.**

Претседателот на советот отвори претрес по точката.

Во расправата зеде учество в.д директор на ЈКП "Гази Баба - 2007" - Скопје, Игор Атансовски.

Претседателот на советот го заклучи претресот по точката и истата ја стави на гласање.

Советот ја донесе Одлуката за давање согласност на Одлуката за усвојување на тримесечниот финансиски извештај за работа и резултатите од работењето на ЈКП "Гази Баба - 2007" - Скопје, за четвртото тримесечје од 2024 година, со **18 гласа "ЗА" и 8 гласа "ВОЗДРЖАН"**.

**ТРЕТА ТОЧКА: Предлог - Одлука за утврдување на вредност на бодот за пресметување на платите на јавните службеници кои вршат административни работи, давателите на јавни услуги, помошно-техничкиот персонал и директорите во јавните установи за деца - детски градинки во Општина Гази Баба, за 2025 година.**

Претседателот на советот отвори претрес по точката, никој не се јави за збор, го заклучи претресот по точката и истата ја стави на гласање.

Советот ја донесе Одлуката за утврдување на вредност на бодот за пресметување на платите на јавните службеници кои вршат административни работи, давателите на јавни услуги, помошно-техничкиот персонал и директорите во јавните установи за деца - детски градинки во Општина Гази Баба, за 2025 година, со **27 гласа "ЗА"**.

**ЧЕТВРТА ТОЧКА: Предлог - Одлука за изменување на Одлуката за именување на претставници од советот на родители во управниот одбор на ЈУДГ "Детска радост" - Општина Гази Баба - Скопје.**

Претседателот на советот отвори претрес по точката, никој не се јави за збор, го заклучи претресот по точката и истата ја стави на гласање.

Советот ја донесе Одлуката за изменување на Одлуката за именување на претставници од советот на родители во управниот одбор на ЈУДГ "Детска радост" - Општина Гази Баба - Скопје, со **27 гласа "ЗА"**.

**ПЕТТА ТОЧКА: Предлог - Одлука за утврдување на вредност на бодот за пресметување на платите на државните службеници за 2025 година.**

Претседателот на советот отвори претрес по точката, никој не се јави за збор, го заклучи претресот по точката и истата **(со дополнувањето)** ја стави на гласање.

Советот ја донесе Одлуката за утврдување на вредност на бодот за пресметување на платите на државните службеници за 2025 година, со **27 гласа "ЗА"**.

**ШЕСТА ТОЧКА: Предлог - Буџетски календар за изготвување на Буџетот на Општина Гази Баба за 2026 година.**

Претседателот на советот отвори претрес по точката, никој не се јави за збор, го заклучи претресот по точката и истата ја стави на гласање.

Советот го донесе Буџетскиот календар за изготвување на Буџетот на Општина Гази Баба за 2026 година, со **25 гласа "ЗА" и 2 гласа "ВОЗДРЖАН"**.

**СЕДМА ТОЧКА: Предлог - Одлука за користење на финансиски средства од Буџетот на Општина Гази Баба за субвенционирање на граѓаните на Општина Гази Баба, за набавка и вградување на сончеви термални колектори.**

Претседателот на советот отвори претрес по точката, никој не се јави за збор, го заклучи претресот по точката и истата ја стави на гласање.

Советот ја донесе Одлуката за користење на финансиски средства од Буџетот на Општина Гази Баба за субвенционирање на граѓаните на Општина Гази Баба, за набавка и вградување на сончеви термални колектори, со **27 гласа "ЗА"**.

**ОСМА ТОЧКА: Предлог - Одлука за изменување на Правилникот за користење на финасиските средства од Буџетот на Општина Гази Баба за субвенционирање на граѓаните на Општина Гази Баба за купување на велосипеди.**

Претседателот на советот отвори претрес по точката, никој не се јави за збор, го заклучи претресот по точката и истата ја стави на гласање.

Советот ја донесе Одлуката за изменување на Правилникот за користење на финасиските средства од Буџетот на Општина Гази Баба за субвенционирање на граѓаните на Општина Гази Баба за купување на велосипеди, со **27 гласа "ЗА"**.

**ДЕВЕТТА ТОЧКА: Предлог - Одлука за изменување на Правилникот за користење на финансиски средства од Буџетот на Општина Гази Баба за субвенционирање на граѓаните на подрачјето на Општина Гази Баба, за вградување на уреди за течен гас/метан или друг вид на алтернативно гориво во возилата.**

Претседателот на советот отвори претрес по точката, никој не се јави за збор, го заклучи претресот по точката и истата ја стави на гласање.

Советот ја донесе Одлуката за изменување на Правилникот за користење на финансиски средства од Буџетот на Општина Гази Баба за субвенционирање на граѓаните на подрачјето на Општина Гази Баба, за вградување на уреди за течен гас/метан или друг вид на алтернативно гориво во возилата, со **27 гласа "ЗА"**.

**ДЕСЕТТА ТОЧКА: Предлог - Одлука за изменување на Правилникот за субвенционирање на домаќинствата на граѓаните на Општина Гази Баба, за надоместување на дел од трошоците за чистење на оџаци.**

Претседателот на советот отвори претрес по точката, никој не се јави за збор, го заклучи претресот по точката и истата ја стави на гласање.

Советот ја донесе Одлуката за изменување на Правилникот за субвенционирање на домаќинствата на граѓаните на Општина Гази Баба, за надоместување на дел од трошоците за чистење на оџаци, со **27 гласа "ЗА"**.

**ЕДИНАЕСЕТТА ТОЧКА: Предлог - Одлука за изменување на Правилникот за користење на финансиски средства од Буџетот на Општина Гази Баба за субвенционирање на граѓаните на Општина Гази Баба за купување на високоефикасни инвертер клима уреди.**

Претседателот на советот отвори претрес по точката, никој не се јави за збор, го заклучи претресот по точката и истата ја стави на гласање.

Советот ја донесе Одлуката за изменување на Правилникот за користење на финансиски средства од Буџетот на Општина Гази Баба за субвенционирање на граѓаните на Општина Гази Баба за купување на високоефикасни инвертер клима уреди, со **27 гласа "ЗА"**.

**ДВАНАЕСЕТТА ТОЧКА: Предлог - Одлука за изменување на Правилникот за користење на финансиски средства од Буџетот на Општина Гази Баба за субвенционирање на граѓаните на Општина Гази Баба за купување на печки на пелети.**

Претседателот на советот отвори претрес по точката, никој не се јави за збор, го заклучи претресот по точката и истата ја стави на гласање.

Советот ја донесе Одлуката за изменување на Правилникот за користење на финансиски средства од Буџетот на Општина Гази Баба за субвенционирање на граѓаните на Општина Гази Баба за купување на печки на пелети, со **27 гласа "ЗА"**.

**ТРИНАЕСЕТТА ТОЧКА: Предлог - Одлука за финансиска поддршка за реконструкција на кров во станбените згради и куќи на индивидуални домаќинства во социјален ризик на подрачјето на Општина Гази Баба.**

Претседателот на советот отвори претрес по точката, никој не се јави за збор, го заклучи претресот по точката и истата ја стави на гласање.

Советот ја донесе Одлуката за финансиска поддршка за реконструкција на кров во станбените згради и куќи на индивидуални домаќинства во социјален ризик на подрачјето на Општина Гази Баба, со **27 гласа "ЗА"**.

**ЧЕТИРИНАЕСЕТТА ТОЧКА: Предлог - Програма за изменување и дополнување на Програмата за работа во областа на располагањето со градежно земјиште во сопственост на Република Македонија, на подрачјето на Општина Гази Баба за 2025 година.**

Претседателот на советот отвори претрес по точката, никој не се јави за збор, го заклучи претресот по точката и истата ја стави на гласање.

Советот ја донесе Програмата за изменување и дополнување на Програмата за работа во областа на располагањето со градежно земјиште во сопственост на Република Македонија, на подрачјето на Општина Гази Баба за 2025 година, со **19 гласа "ЗА" и 7 гласа "ВОЗДРЖАН"**.

**ПЕТНАЕСЕТТА ТОЧКА: Предлог - Одлука за донесување на Техничка исправка во ДУП за градска четврт СИ 12, Блок 02 - Општина Гази Баба, Општина Аеродром - Скопје (Одлука бр.09-2312/7 од 30.04.2024 година) за ГП 2.1.**

Претседателот на советот отвори претрес по точката, никој не се јави за збор, го заклучи претресот по точката и истата ја стави на гласање.

Советот ја донесе Одлуката за донесување на Техничка исправка во ДУП за градска четврт СИ 12, Блок 02 - Општина Гази Баба, Општина Аеродром - Скопје (Одлука бр.09-2312/7 од 30.04.2024 година) за ГП 2.1, со **21 глас "ЗА" и 5 гласа "ВОЗДРЖАН"**.

Дневниот ред беше исцрпен, Претседателот на советот - м-р Сашо Кукески ја заклучи Педесет и третата седница на советот на Општина Гази Баба, во **11:40** часот.

**Број 09-849/2**
**од 19 февруари 2025 година**
**Скопје**

**ПРЕТСЕДАТЕЛ**
**НА СОВЕТ НА ОПШТИНА ГАЗИ БАБА,**
**м-р Сашо Кукески**

***** аудио записот од седницата е составен дел на записникот